ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ-РЕСИС СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 Декември 2025 година и Извештај на независниот ревизор

Скопје, Април 2026 година

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	3 – 5
Финансиски извештаи	
Биланс на приходи и расходи	6
Биланс на состојбата	7
Белешки кон Финансиските извештаи	8–20

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО РАКОВОДСТВОТО НА ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ РЕСИС Скопје

Мислење

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје (во понатамошниот текст: Институтот), кои се состојат од билансот на состојбата на ден 31 декември 2025 година и билансот на приходите и расходите и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје на ден 31 декември 2025 година и резултатите од работењето за годината што тогаш завршува, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации.

Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот *Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи* од овој извештај. Ние сме независни од Институтот во согласност со *Меѓународниот кодекс за етика за професионалните сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност)* (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Институтот е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, Раководството е одговорно за процена на способноста на Институтот да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако Раководството или има намера да го ликвидира Институтот или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

+389 70 300 368
Vasil Gjorgov 20/1-7 Skopje
North Macedonia
info@axisaudit.mk

Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, било како резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.
- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Институтот.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценi и поврзаните обелоденувања направени од страна на Раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на Раководството, и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Институтот да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои неизвесност материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Институтот да престане да работи според

претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со раководството, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за раководството дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, активностите преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

24.04.2026 година
ТП АКСИС АУДИТ СКОПЈЕ

Бојана Стојчевска Велковски
Директор

Трговец поединец ТП АКСИС АУДИТ Скопје Бојана Стојчевска Велковски

Бојана Стојчевска Велковски
Овластен ревизор

+389 70 300 368
Vasil Gjorgov 20/1-7 Skopje
North Macedonia
info@axisaudit.mk

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
за годината што завршува на
31 Декември2025
(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2025	31 Декември 2024
Вкупни приходи	4	11.852.042	6.800.749
Вкупни расходи	5	(9.745.293)	(5.777.375)
Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година	4	6.863.036	5.842.229
Вишок на приходи – добивка пред оданочување		*8.969.785*	*6.865.603*
Данок на добивка		(8.080)	(2.567)
ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ		***8.961.705***	***6.863.036***

Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на* Институтот *на ден 28 февруари 2026 година и се потпишани во негово име од страна на:

Претседател
Снежана Трпевска

Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС СКОПЈЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
31 ДЕКЕМВРИ 2025

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
на 31 Декември 2025
(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2025	31 Декември 2024
А СРЕДСТВА			
НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА			
Опрема	6	229.930	186.439
Вкупно нетековни средства		229.930	186.439
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА			
Парични средства	7	8.948.253	6.865.603
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции	8	21.532	-
АВР	8	5.762	5.047
Вкупно тековни средства		*8.975.547*	*6.870.650*
ВКУПНО СРЕДСТВА		***9.205.477***	***7.057.089***
Б ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА			
Деловен фонд	9	176.508	142.928
Реваloризациона резерва	9	53.422	43.511
Вишок на приходи над расходи по оданочување	11	8.961.705	6.863.036
Вкупни извори на деловни средства		*9.191.635*	*7.049.475*
В ОБВРСКИ			
Обврски кон добавувачите	10	5.762	5.047
Други краткорочни обврски	10	8.080	2.567
Вкупно тековни обврски		*13.842*	*7.614*
ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ		***9.205.477***	***7.057.089***

Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Институтот на ден 28 февруари 2026 година и се потпишани во негово име од страна на:

Претседател
Снежана Трпевска

Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
31 ДЕКЕМВРИ 2025

ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО РЕСИС СКОПЈЕ

Институт за истражување на општествениот развој Скопје, со скратено име РЕСИС Скопје во понатамошниот текст (Институтот) основано е на 16 февруари 2017 година, како непрофитна организација во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации и запишана е во регистарот на Здруженија и Фондации.

Адреса: Христо Смирненски бр.35-1/33 Скопје -Центар

Даночен број: 4057017536342

ЕМБС:7188668

Претежна шифра на дејност на Здружението е: 94.990 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

Главна цел на активностите на Институтот се:

Активностите на Институтот имаат за генерална цел развивање на нови знаења за процесите и начините на кои организациите и поединците се мобилизираат со цел да направат промена во општеството и да придонесат кон општествениот развој

- Во фокусот ги става граѓаните особено посиромашните и маргинализираните со цел да се изгради општество кое на сите им дава еднакви права и можности за напредок и развој;
- Поттикнување нови иницијативи и начини преку кои граѓаните на партиципативен начин ќе можат да влијаат врз организацијата на државата и ќе ја зголемат отчетноста и ефикасноста на институциите);
- Промовирање на клучната улога на медиумите во демократијата и општествениот развој
- Унапредување на теоријата за општествениот развој и развој на стандардите на истражувачката пракса во социологијата и другите општествени науки
- Унапредување на методологијата и добрите практики во спроведувањето еволуциски истражување и студии во различни општествени области.

2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1 Основа за подготовка

Институтот финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Македонија, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, во прв ред Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на РМ" број 24/03, 17/11, 154/15 и 122/21) и соодветните подзаконски прописи донесени врз основа на истиот.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на работењето на Институтот.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Институтот ќе продолжи да работи во иднина.

3.СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Институтот за годината што завршува на 31 Декември 2025.

3.1 Приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите кај Институтот се спроведува согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации (“Службен весник на РМ” број 24/03, 17/11, 154/15 и 122/21) и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации(“Службен весник на РМ”број 42/03, 08/09 и 175/11), односно според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно, трансакции, приходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, расходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

3.2 Материјални средства

3.2.1. Почетно вреднување

Материјалните средства (постројките и опремата) почетно се вреднуваат согласно член 14 од Законот за сметководство за непрофитните организации според кое третман на долгорочни средства имаат средствата чиј век на траење е подолг од една година и чија поединечна вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност. Долгорочните средства, Институтот почетно ги вреднува по набавна вредност намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

3.2.2. Последователни издатоци

Издатоците направени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Институтот.

3.2.3. Амортизација

Амортизацијата се спроведува со праволиниска метода на отпис која доследно се применува од пресметковен период во пресметковен период, со примена на годишните стапки кои се составен дел на Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани со Правилникот се додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Корисниот век на употреба, односно рокот на отпишување на долгорочните средства се одредува согласно со пропишаните стапки. Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

Градежни објекти	1%
Опрема	14%
Компјутерска опрема и софтвер	20%
Мебел	12%
Моторни возила	15%

3.2.4. Ревалоризација

Пресметката на ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) Институтот ја врши согласно член 15 од Законот за сметководството за непрофитните организации и членовите 29 и 29-а од Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Согласно цитираните законски одредби, пресметката на ревалоризација се врши во следните случаи:

1) при повлекување од употреба и отуѓување или

2) поради повторно вреднување, со стапката на пораст на цените на производителите на индустриски производи објавена од Државниот завод за статистика. За 2025 година коефициентот за ревалоризација изнесува 0,053 и е пресметана ревалоризација.

Основица за ревалоризација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација (исправка на вредноста). Ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства (нивната набавна вредност и исправка на вредноста), што се набавени во изминати години (до 31.12.2024година)и не се отуѓени во текот на 2025година, односно истите се искажани по пописот на 31.12.2025 година и претставуваат елементи на билансот на состојбата составен под истиот датум (за што се применува Образецот РЕВ-1).

3.3 Побарувања

Побарувањата се признаваат според договорените износи во договорот.

3.4 Залихи

Залихи на ситен инвентар, се признаваат согласно член 14 став 7 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицира како ситен инвентар.

Залихите на трговска стока, се признаваат согласно член 14 став 3 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на залихите ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, депозити во банки и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

3.6 Обврски

Обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

3.7 Обврски за даноци

Данокот од добивка се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија, Сл. Весник 112/14 и 275/19. Во службен весник 216/19 објавен е правилникот за формата и содржината на даночниот биланс за непрофитни организации.

Основните активности кои ги извршува Институтот не преставуваат промет во смисла на Законот за данокот на додадена вредност и не се предмет на оданочување со ДДВ.

4.ВКУПНИ ПРИХОДИ

Вкупните приходи се состојат од следново (во Денари):

	31 Декември 2025	31 Декември 2024
Приходи од донации , грантови и членарини	10.028.000	5.451.563
Сопствени приходи	1.807.954	1.256.700
Приходи од камати и курсни разлики	16.088	92.486
Други приходи		
	11.852.042	6.800.749
Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година	6.863.036	5.842.229
Вкупно приходи	***18.715.078***	***12.642.978***

Институтот остварува приходи од донации и грантови, приходи од извршени услуги и приход од позитивни курсни разлики.

4.1.Приходи според донатори

Приходите од донации за годината што завршува на 31 декември 2025 година се однесуваат на уплатени средства на сметката на Институтот за реализирање на неговите проектни активности. Приходите од донации по донатори од кои се примени средствата е како што следи (во Денари):

	31 Декември 2025	31 Декември 2024
Вестиминистер фондација	-	424.627
ЕУ-Медиуми на заедницата за граѓански ангажман	4.763.767	-
МЦМС-Цивика- Медиуми на заедницата за посилно граѓанско општество	1.500.000	-
НЕД	3.697.233	4.025.430
Европска Унија-Работнички права за независно новинарство	-	962.021
Снежана Трпевска-договор за донација	67.000	-
Еуробен Центар фор нот фор Профит	-	39.485
Вкупни приходи	**10.028.000**	**5.451.563**

4.2.Приходи по проекти

Приходите по проекти се приходи за јакнење на капацитетите на Институтот и спроведување на предвидените активности за 2025 година (во Денари):

	31 Dekemvri 2025	**31 Dekemvri 2024**
Вестиминистер фондација-Подршка на имплементацијата на комуникациската стратегија на ДЗР	-	424.627
ЕУ-Медиуми на заедницата за граѓански ангажман	4.763.767	-
МЦМС-Цивика- Медиуми на заедницата за посилно граѓанско општество	1.500.000	-
НЕД-Локал актив медиа	3.697.233	4.025.430
Работнички права за независно новинарство-ЕУ	-	962.021
Снежана Трпевска-договор за донација	67.000	-
Еуробен Центар фор нот фор Профит-Консултантски услуги за проектот Следење на напредокот на акцијата за зајакнување	-	39.485
Вкупно приходи по проекти	**10.028.000**	***5.451.563***

4.3. Сопствени приходи

	31.Декември 2025	**31.Декември 2024**
Здружение на новинарите на Македонија-услуги	1.807.954	1.256.700
Вкупно сопствени приходи	***1.807.954***	***1.256.700***

4.4. Приходи од камати и курсни разлики	**31.Декември 2025**	**31.Декември 2024**
Камати и позитивни курсни разлики	16.088	92.486
Вкупно од камати и позитивни курсни разлики	***16.088***	***92.486***

5.ВКУПНИ РАСХОДИ Вкупните расходи се состојат од следново (во Денари):	**31 Декември 2025**	**31 Декември 2024**
1.Расходи за материјали	43.530	13.033
2.Потрошена енергија и режиски трошоци	67.548	57.290
3.ПТТ услуги , телефони и интернет	31.987	26.583
4.Наемнина	295.980	264.478
5.Репрезентација	17.146	7.292
6.Банкарски услуги и курсни разлики	198.177	68.023
7.Адвокатски ,книговодствени услуги и др.услуги	181.158	192.650
8.Проектни активности	477.731	56.117
9.Набавка на материјални средства	123.541	-
10.Договори на дело и авторски хонорари	3.798.480	2.329.108
11.Бруто плати	2.549.725	2.102.808
12.Останати услуги	-	147.973
13.Пренесени средства на други субјекти	1.954.835	502.300
14.Надомест на трошоци за сл.патувања	5.455	9.720
Вкупно расходи	**9.745.293**	**5.777.375**

5.1. Вкупни расходи за 2025 по видови на трошоци се следните:

1.Расходи за материјали		
-канцелариски материјал	43.530	
Вкупно		**43.530**
2.Потрошена енергија		
-Трошоци за електрична енергија	24.481	
-Режиски трошоци	43.067	
Вкупно		**67.548**
3.ПТТ Услуги,телефони и интернет	31.987	
Вкупно		**31.987**
4.Наемнина		
-Наемнина на деловен простор	294.980	
-Наем на сала	1.000	
Вкупно		**295.980**
5.Репрезентација и реклама		
-Репрезентација	17.146	
Вкупно		**17.146**
6.Банкарски услуги		
-Провизија за платен промет	57.468	
-Курсна разлика	140.709	
Вкупно		**198.177**
7.Книговодствени услуги и други услуги		
-Книговодствени услуги	9.000	
-Ревизорски услуги	73.800	
-Нотарски услуги	2.800	
-Други услуги	95.558	
Вкупно		**181.158**

8.Проектни активности		
-Проектни активности	267.781	
-Активности –патни трошоци	130.779	
-Активности-онлајн услуги	9.381	
-Угостителски услуги	69.790	
Вкупно		**477.731**
9.Набавка на материјални средства		
-Набавка на материјални средства	123.541	
Вкупно		**123.541**
10.Авторски договори		
-Авторски договори	2.793.383	
-Договори за дело	1.005.097	
Вкупно		**3.798.480**
11.Бруто плати и надоместоци		
-Нето плата	1.622.352	
-Вкалкулирани надоместоци	838.485	
-Регрес за годишен одмор	88.888	
Вкупно		**2.549.725**
12.Останати услуги		
Вкупно		**-**
13.Пренесени средства на други субјекти		
-Пренесени средства на други субјекти	1.954.835	
Вкупно		**1.954.835**
14.надомест на трошоци за сл. патувања		
-Надомест на трошоци за сл. патувања	5.455	
Вкупно		**5.455**
Вкупно		**9.745.293**

5.2.Расходи по проекти

Расходите по проекти се состојат од следново (во Денари):

	31 Декември 2025	**31 Декември 2024**
Вестиминистер фондација	-	424.627
ЕУ-Медиуми на заедницата за граѓански ангажман	4.694.894	-
МЦМС-Цивика	-	-
НЕД-Локал актив медиа	4.148.838	3.053.283
Еуројен Центар фор нот фор Профит	-	39.485
ЕУ-Работнички права за независно новинарство	-	2.095.266
Сопствени расходи	901.561	164.714
Вкупно расходи по проекти	***9.745.293***	***5.777.375***

6. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Нетековните средства се состојат од следново (во Денари):

2025	**Опрема**	**ВКУПНО**
Ревалоризирана набавна вредност		
Салдо на 1 Јануари 2025	437.776	437.776
Нови набавки	123.541	123.541
Ревалоризација на набавната вредност	18.932	18.932
Салдо на 31 Декември 2025	580.249	580.249
Ревалоризирана исправка на вредноста		
Салдо на 1 Јануари 2025	*251.337*	*251.337*
Амортизација за 2025	89.961	89.961
Ревалоризација на исправката	9.021	9.021
Салдо на 31 Декември 2025	*350.319*	*350.319*
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025	***229.930***	***229.930***
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2025	***186.439***	***186.439***

2024	**Опрема**	**ВКУПНО**
Ревалоризирана набавна вредност		
Салдо на 1 Јануари 2024	418.384	418.384
Нови набавки	-	-
Ревалоризација на набавната вредност	19.392	19.392
Салдо на 31 Декември 2024	437.776	437.776
Ревалоризирана исправка на вредноста		
Салдо на 1 Јануари 2024	*152.385*	*152.385*
Амортизација за 2024	88.944	88.944
Ревалоризација на исправката	10.008	10.008
Салдо на 31 Декември 2024	*251.337*	*251.337*
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024	***186.439***	***186.439***
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2024	***265.999***	***265.999***

7.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во Денари):

	31 Декември 2025	**31 Декември 2024**
Денарски сметки	7.025.763	4.154.425
Девизни сметки	1.922.490	2.711.178
Вкупно парични средства	***8.948.253***	***6.865.603***

8.ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

Останатите побарувања од работењето се состојат од следново (во Денари):

	31 Декември 2025	**31Декември2024**
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции	21.532	-
АВР	5.762	5.047
Вкупно побарувања од работење	***27.294***	***5.047***

9.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Изворите на средства се состојат од следното(во Денари):

2025	Деловен фонд-основни средства	ВКУПНО
Салдо на 1 Јануари 2025	**186.439**	**186.439**
Нови набавки	123.541	123.541
Ревалоризација на набавна вредност	18.932	18.932
Амортизација	(89.961)	(89.961)
Ревалоризација на исправката	(9.021)	(9.021)
Салдо на 31 Декември 2025	**229.930**	**229.930**
2024		
Салдо на 1 Јануари 2024	**265.999**	**265.999**
Нови набавки	-	-
Ревалоризација на набавна вредност	19.392	-
Амортизација	(88.944)	(88.944)
Ревалоризација на исправката	(10.008)	(10.008)
Салдо на 31 Декември 2024	**186.439**	**186.439**

10.ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

Останатите обврски се состојат од следново (во Денари):

	31 Декември 2025	31 Декември 2024
Обврски кон добавувачи	5.762	5.047
Обврски за данок од добивка	8.080	2.567
Вкупно обврски	***13.842***	***7.614***

11. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања се состојат од следново (во Денари):

	31 Декември 2025	31 Декември 2024
Вишок на средства за наредна година	8.961.705	6.863.036
Вкупно пасивни временски разграничувања	***8.961.705***	***6.863.036***

12.ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

На 31.12.2025 година, Институтот не е инволвиран во судски постапки во кои се јавува како тужител и како тужена страна со правни и физички лица.

13.ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на составување на Билансите не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

Годишна сметка за 2025 година

- Биланс на состојба

- Биланс на приходи и расходи